Република Северна Македонија
Државен инспекторат за
животна средина
Бр. 04-54/1
04.01.2022 год.
Скопје

Република Северна Македонија
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

**Арх бр.** 04-54/1
**Дата:** 04.01.2022 година
**Скопје**

[redacted]

**Државен Инспектор за животна средина**

Ул."Павел Шател" бр.2
5-ти спрат
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

Rr." Pavel Shatel" nr.2
Kati 5-të
1000 Shkup
(Pallata Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut

Врз основа на член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија " бр. 58/00, 44/2, 82/08, 167/10 и 51/11), и член 45 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен Весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 и 14/20), В.Д Директорот на Државниот Инспекторат за животна средина на Република Северна Македонија, донесува:

## ОДЛУКА
## за избор за кандидат за советник-инспектор за инспекциски надзор во животна средина по јавен оглас

1. За извршител на работите на работно место Советник – Инспектор за инспекциски надзор во животната средина – Вардарски и Југоисточен регион – Велес, Подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина - Вардарски и Југоисточен регион со седиште во Струмица, Сектор за инспекциски надзор во животната средина и природата се избира **Билјана Шуркова-Манаскова.**
2. Оваа одлука влегува во сила по конечност на истата.

## Образложение

Врз основа на јавниот оглас бр.613/2021 за вработување на Советник-инспектор за инспекциски надзор во животната средина, објавен во дневните весници "Нова Македонија", "Слободен печат" и " Коха" на ден 24.11.2021 година. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана од страна на Агенцијата за администрација со Решение бр.10-2363/3 од 01.12.2021 година, ги спроведе сите фази на селекција согласно законот Законот за административни службеници (" Службен Весник на Република Македонија " 27/14, 199/14, 48/15,

154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19 и 14/20) " и согласно член 44 од наведениот закон достави предлог кандидати за вработување до Државниот Инспекторат за животна средина.

Со оглед на тоа, а согласно член 45 став 1 од Законот за административни службеници, се донесе одлука како во диспозитивот.

[redacted]

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран може да поднесе жалба до Комисијата на Агенција за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавувањето на одлуката на интернет страница и огласна табла на Агенцијата за администрација.

**Државен Инспектор за животна средина**

Ул."Павел Шател" бр.2
5-ти спрат
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

Rr." Pavel Shatel" nr.2
Kati 5-të
1000 Shkup
(Pallata Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut

**Скопје 04.01.2022 година**

**В.Д. ДИРЕКТОР**

**М-р Сретен Стојковски**

Доставено до:
Агенција за администрација
Именуваниот
Архива